РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1114/6
08 -05- 2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на тринаесеттата седница одржана на ден 03 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за натамошно постапување во предметот со број 09-1114/1 од 07.03.2019 година, поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на Агенција за електронски комуникации (АЕК), Петар Ивановски кое извршило избор за вработување на лицето Кристина Божиновска, не ја извршува повеќе функцијата Директор на Агенција електронски комуникации - АЕК.

Предметот со број 09-1114/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1114/1 од 07.03.2019 е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување во АЕК за лицето Кристина Божиновска, сопруга на Кирил Божиновски, поранешен Генерален секретар на Влада на РСМ.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Кристина Божиновска.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до АЕК, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На седницата одржана на ден 03 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека вработувањето на лицето Кристина Божиновска е спроведено по Закон за работни односи за кое не е реализирана транспарентна постапка, односно тогашниот директорот на АЕК, Петар Ивановски извршил избор користејќи ги своите дискрециони права и овластувања без формирање на комисија за селекција, без спроведување на интервју и без подготовка на ранг листа.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија утврди дека постојат индиции за влијание од страна на Кирил Божиновски, кој во периодот на вработување на Кристина Божиновска бил раководител на Сектор за меѓународни односи и соработка во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Петар Ивановски – тогашен директор на АЕК при постапка за вработување на блиско лице. Но поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на Агенција за електронски комуникации (АЕК), Петар Ивановски кое извршило избор за вработување на лицето Кристина Божиновска, не ја извршува повеќе функцијата директор на АЕК, ДКСК нема надлежност за натамошно постапување.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk